Славчо Ковилоски

# ЛОША ТЕТКА И ДРУГИ РАСКАЗИ

За издавачот:
Гојчо Стевковски

Печат и лектура:
Академски печат

© Славчо Ковилоски
Сите права задржани

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-32
821.163.3-32.09Ковилоски,С.

КОВИЛОСКИ, Славчо
Лоша тетка и други раскази / Славчо Ковилоски. - Скопје: Академски печат, 2013. - 74 стр. ; 20 см

Успешен експеримент со кратката проза / Ранко Младеноски: стр. 65-70

ISBN 978-608-231-111-1

а) Ковилоски, Славчо (19?) - "Лоша тетка и други раскази" – Критики и толкувања
COBISS.MK-ID 94311178

# Славчо Ковилоски
# ЛОША ТЕТКА И ДРУГИ РАСКАЗИ

Академски печат
Скопје, 2013

*ПОГОВОР*

# УСПЕШЕН ЕКСПЕРИМЕНТ СО КРАТКАТА ПРОЗА

По неколкуте поетски збирки, романи и драми Славчо Ковилоски, во областа на книжевното творештво, се претставува пред македонската читателска публика и со една збирка од кратки раскази со наслов „Лоша тетка и други раскази". И во овој свој најнов книжевно-уметнички дискурс авторот Ковилоски останува доследен на раскажувачките техники што беа забележливи во неговата досегашна проза, особено во романите, а тоа се деструктурирањето на нарацијата, доминантната интертекстуалност, иронијата и автоиронијата, како и жигосувањето на аномалиите и кај индивидуата и во општеството.

Меѓутоа, во овие кратки прозни текстови Ковилоски е поконцизен и подециден во својот израз и во канализирањето на книжевно-уметничката порака до реципиентите. Тоа е и сосема очекувано и разбирливо со оглед на фактот дека станува збор за еден специфичен книжевен жанр каква што е кратката лирска проза. Станува збор, имено, за еден книжевно-уметнички вид во кој се постигнува максимум содржина (семантика) со минимум форма (синтакса). И токму затоа за овие кратки раскази може да се рече дека се „контаминирани" со изобилие од полисемија и семантичка поливалентност во нивните структурни елементи.

Не е никаква рецензентска фраза нашето тврдење за деструктурирањето на нарацијата во кратките

раскази на Ковилоски. Доволно е да се погледнат, на пример, расказите „Што е црно?“, „Среќа“, „Кој“, „Фантастичен расказ“ и слични на нив за да се забележи авторовата интенција за денаратизација на прозниот текст, за елиминирање на фабулата од расказот. Станува збор, всушност, за креирање на еден лирско-епски мозаик во кој сегментите функционираат самостојно и се преобразуваат во носители на засебни, специфични семантички ентитети. Тоа е принцип на создавање на текст со чија помош се постигнува едно константно и бесконечно оплодување на значењето на фрагментите од кратките прозни структури.

Во тоа демултиплицирано семантичко интегрирање на прозниот дискурс своја наративна улога има и деконструкцијата којашто овде е облагородена со иронија и со автоиронија. Како типична илустрација за оваа наша теза ќе го приложиме краткиот расказ со наслов „Лоша тетка“. Што се деконструира тука? Авторот, всушност, врши деконструкција на една негативна рецензија за роман при што се карикира некомпатибилниот книжевно-критички инструментариум во таа рецензија преку иронија и автоиронија: „Прво, и основно, тој е премногу млад да пишува романи; второ, тој е тотален анонимец, односно никој претходно не слушнал за него; трето, во неговата фамилија никој не е љубител на животни, а нели за добар писател треба да имаш педигре; четврто, тој има бенка на носот; петто, поткривнува на левата нога кога оди...“. Овој жесток атак врз несоодветното, неаргументирано и, пред сѐ, паушално вреднување на конкретен роман истовремено претставува и жигосување на снобизмот во македонскиот книжевно-критички ареал чии егземплари со судни маки се обидуваат да ја валоризираат најновата мо-

дерна македонска литература единствено со позитивистичко-импресионистички баласти од 19 век при што како фундаментален критериум (или параметар) за вреднување на некое ново литературно остварување им служи податокот за тоа која била бабицата што несебично помогнала при раѓањето на авторот на тоа конкретно книжевно-уметничко дело!

Со ова маркирање на доминантните девијации во македонската книжевна критика, авторот навлегува уште во една постмодернистичка област, а тоа е инволвирањето на јазичниот металитературен систем во својот најнов прозен текст. „Лоша тетка", всушност, е литературен текст во кој станува збор за општите специфики на самата литература (во случајов книжевната критика). Идентични, во таа смисла, се и расказите „Зебра", „Лажење", „Фантастичен расказ" и други.

Мошне се интересни кратките раскази во кои вешто е постигнат ефектот на очудување. Како пример за тоа, недвојбено, треба да се истакне расказот со наслов „Валентина Костоска" во кој очудувањето се постигнува со помош на автоиронијата, но очудувањето го среќаваме и во други кратки раскази од оваа збирка како што се „Кафанче", „Лаки", „Знаење", „Шарко" итн. Со практикувањето на неочекуваниот крај расказите стануваат привлечни за реципиентите и, пред сѐ, лесно читливи.

Како и во своите претходни книжевни дела (особено во романот „Синот на кралот", 2011) и во овие кратки раскази за кои зборуваме авторот Ковилоски оперира со промената на гледната точка, односно со фокализацијата. Не би можело да се рече дека станува збор за некаква доминантна особеност во расказите, но тоа секако е една од наративните техни-

ки со чија помош се структурирани кратките прозни творби во оваа збирка. Погледнете го, на пример, краткиот расказ со наслов „Мирчевски“ и обрнете внимание на наративната игра со гледната точка на нараторот и на ликот. Таа манипулација со аспектот на гледање на двата лика („иако потсвесно знам дека знае дека знам дека знае дека тоа не е пријателско прегрнување...“) претставува умешно исконструирана импликација за поентата на овој краток расказ (интенцијата на авторот да енкодира порака до реципиентите) за отуѓеноста и безобѕирноста на човековата индивидуа. Идентичен наративен метод среќаваме и во „Поучен расказ“ во кој различните точки на темпоралната оска резултираат со сосема различни (па дури и спротивни) гледишта: „Времињата се сменија, дедо, вели мојов пријател, денес нема партизани и Германци, денес има Американци и терористи. Така да си знаеш!“. Или, да го земеме како пример расказот „Зебра“ каде што вториот наратор има сосема поинаква перцепција за внимателноста при преминувањето на улица преку пешачки премин во однос на ликот на полицаецот со што се конструира драмската стапица, односно драмскиот агол (енергетската, калоричната вредност на нарацијата). И краткиот расказ со наслов „Слика“ е збогатен со посебни фокализантни точки што имаат улога да ги специфицираат двата лика (нараторот и дедото).

Автоцитатна интертекстуалност. Својот прв роман со наслов „Опасен сум“ Ковилоски го објави во 2007 година. Овде, во оваа збирка од кратки раскази, авторот се одлучил да преобјави еден мал фрагмент од овој свој роман. Тоа е расказот „Лажење“. Тврдиме дека не е воопшто случаен изборот за повторно објавување токму на тој фрагмент од „Опасен

сум“ затоа што неговата содржина, неговиот семантички капацитет мошне функционално се вклопува во денаратизираниот книжевно-уметнички амбиент на „Лоша тетка и други раскази“. Имаме два сосема солидни аргументи за нашата теза – прво, во фрагментот од романот (сега расказ во новата збирка) отсуствува каква било нарација (што е една од основните особености на оваа збирка, а за што веќе зборувавме погоре), и второ, овој фрагмент од романот претставува едно критичко перципирање на девијациите на единката и на заедницата (што, исто така, е суштинска карактеристика на расказите од „Лоша тетка и други раскази“ и за што, исто така, зборувавме).

Дека навистина станува збор за збирка исполнета со кратка лирска проза потврдува постапката на поетизација на поголем број раскази. Стихови во буквална смисла на зборот среќаваме во (расказите?) „Што е црно?“, „Валентина Костоска“, „Поучен расказ“, „Среќа“, „Кој?“, „Најдобро што може“, „Јас сум“ („краток расказ“ со типичен римуван стих), а безмалку во сите текстови од оваа збирка доминираат лирските елементи. Тоа секако значи дека „Лоша тетка и други раскази“ е збирка исполнета со книжевни текстови од хибриден жанр што може да се детерминира како лирски поетско-прозен краток расказ.

Да не ги заборавиме, сосема на крајот од елаборацијата на карактеристиките на најновиот книжевен текст на Ковилоски, идеите, темите и мотивите што доминираат во овие кратки текстови. Имено, во таа смисла, авторот засега поголем број прашања како што се отуѓувањето на индивидуата од себеси и од заедницата, осаменоста, конформизмот (а секако и неконформизмот), полтронството, девијациите во општеството, деградацијата на моралот во сите сфери

на колективот, генерациските разлики надополнети со историски реминисценции, значењето (силата) на љубовта и на семејството (потомството), слободата како универзална човекова вредност и така натаму. Тоа се, секако, стари и добропознати теми и мотиви што авторот ги обработува (преработува и доработува), се разбира, низ сопствената ментална призма, а покажавме веќе на кој начин и со какви книжевно-уметнички средства.

„Лоша тетка и други раскази“ (да сублимираме – како што е редот при вакви пригоди и во вакви осврти) несомнено претставува еден успешен книжевен обид да се понуди пред читателската публика нов и модерен (постмодернистички) литературно-уметнички текст. Славчо Ковилоски тука експериментира со комбинирање на неколку книжевни видови од различни родови (роман, расказ, песна) и, според нас, тоа е реализирано и вешто и со мерка. Оттаму, убедени сме дека во ова наше време на „брза и кратка информација“ преку информатичката технологија овие кратки раскази на Ковилоски ќе наидат на солиден одѕив кај читателската публика.

*Ранко Младеноски*